| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | Апликација: „Топла облека“ |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на безбедни навики преку практични примери за одржување на физичко растојание при прошетки. |
| **Активности** | Пред заедничката прошетка поттикнете го детето на именување на топлата облека која ќе ја облечете. Додека сте на прошетка насочете го Вашето дете на воочување на топлата облека која ја имаат облечено луѓето кои ги среќаваме.<br>Кога ќе се вратите дома резимирајте зеднички зошто луѓето носат топла облека и која е нејзината намена.<br>Земете по Ваш избор: весникарска хартија, парчиња ткаенина, колаж хартија (материјалот со кој ќе аплицирате е по Ваш избор,оној кој го имате дома) и најнапред на неа исцртајте контура на јакна. Со ножички заеднички сечете по контурата, при што ракавите од јакната ќе ги исечете. На обичен лист (по избор) на детето дајте му да ја состави јакната со ракавите, а потоа да ги намачка со лепак и истите да ги аплицира. Секогаш детето оставете го самостојно да аплицира, а Вие само поттикнувајте го неговото градење на композиција со пофални зборови.<br>По завршување со ликовната активност поставете ја ликовната творба на детето на видно место. |